РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОНЧЕ
Бр. 09-565/3
26.04.2022 год.
КОНЧЕ

Друштво за производство, трговија и услуги
РИСТОВИ ИР ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 03-41
26.04.2022 год.
с.Владевци Василево

# ДОГОВОР

За хортикултурно уредување на магистрална улица низ населено место Конче , општина Конче

Склучен помеѓу:

1. Општина Конче со седиште во с.Конче општина Конче, застапувана од Ристов Златко, Градоначалник на општина Конче , во понатамошниот текст ДОГОВОРЕН ОРГАН .

И

2. ДТПУ РИСТОВИ ИР ДООЕЛ с.Владевци,о.Василево ,со седиште на уличен систем бб,Василево,о.Конче со ЕДБ 4039012500660, ЕМБС 6789331,застапувано од Ильчо Ристов -управител на друштвото ,во понатамошниот текст Носител на набавката.

**Предмет на договорот**

**Член 1**

Предмет на овој договор е набавка на услуги – хортикултурно уредување на магистрална улица низ населено место , општина Конче .

**Член 2**

Носителот на набавката како најповолен понудувач со набавка од мала вредност со објавување на оглас бр.05297/2022 од 29.03.2022 година , преку ЕСЈН и извештај по спроведена е-аукција за набавка на работи се избира за најповолен понудувач.

**Вредност на договорот**

**Член 3**

Договорената вредност на работите изнесува 310.000,00 денари без пресметан ДДВ.,односно пресметан ДДВ од 18 %,55 800,00 денари и вкупна вредност со пресметан ДДВ 365 800,00 денари.

**Услови, рок на плаќање**

**Член 4**

Цената на услугите е превземена од Извештајот за спроведена постапка во која носителот на набавката постигна најниска цена на единечни вредности од 12.012,00 денари

Договорниот орган се обврзува плаќањето на носителот на набавката да го врши во рок од 30 дена по извршувањето на услугата и приемот на фактурата во архивата на договорниот орган на сметка и банка за која писмено ќе го извести носителот на набавката.

**Обврски на носителот на набавката**

**Член 5**

Носителот на набавката се обврзува:

- Да ги испорача услугите согласно добиеното барање , налог
- Да ги испорача услугите стручно и квалитетно согласно важечките прописи и стандарди од соодветната област.

Доколку носителот на набавката не е во состојба да ги испорача услугите од барањето , должен е писмено да го извести набавувачот.
Во тој случај ќе биде ангажиран друг изведувач на сметка на носителот на набавката.

**Обврски на договорниот орган**

**Член 6**

Договорниот орган е должен да го воведе Носителот на набавката во работа со барање – налог за извршување на услуги дадени во техничката спецификација во кој се утврдува видот , обемот и рокот на изведување на работите.

**Рок на испорака на услугата**

**Член 7**

Носителот на набавката е должен да ја изврши работата во тек од 30(триесет) дена од потпишувањето на договорот.

**Виша сила**

**Член 8**

Договорниот орган и носителот на набавката се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од овој договор кои се предизвикани од виша сила.

Под виша сила се подразбира сето она што е регулирано со Закон за облигациони односи и Закон за градење. Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна, во случај на стапување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување или раскинување на Договорот.

**Раскинување на договорот**

**Член 9**

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или да го раскине договорот.Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање, по писмен пат.

**Член 10**

Договорниот орган може да го раскине договорот и без да и остави на другата договорна страна дополнителен рок за исполнување ако од нејзиното однесување произлегува дека таа нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

**Корупциско или измамничко однесување**

**Член 11**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализацијата на овој договор.

**Завршни одредби**

**Член 12**

За се што не е предвидено со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за градење , Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Македонија.

**Член 13**

Во случај на спор кој би произлегол од овој договор, а договорните страни не би можеле да го решат со спогодба, ќе го решава надлежниот суд во Струмица.

**Член 14**

Овој договор е случен во 4 (четири) истоветни примероци, од кои по 2 (два) за секоја договорна страна.

**НАРАЧУВАЧ:**
Општина Конче
Градоначалник
Златко Ристов

**ВРШИТЕЛ НА УСЛУГАТА**
ДТПУ РИСТОВИ ИР ДООЕЛ с.Владевци,о.Василево
Управител
Иљчо Ристов

Составни делови на овој договор се:

1. Копија од понуда на изведувачот

**КОРЕГИРАНА ПОНУДА ПО Е-АУКЦИЈА**

**Прилог 1 – Образец на понуда**

Врз основа на **огласот бр.05297/2022** објавен од страна на **Општина Конче**, за јавна набавка на работи: **Хортикултурно уредување на магистрална улица низ населено место Конче,општина Конче** , со спроведување на набавка од мала вредност , со електронска аукција преку Електронскиот систем за јавни набавки (https://e-nabavki.gov.mk), и на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

ПОНУДА

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: **ДПТУ РИСТОВИ ИР ДООЕЛ увоз извоз с.Владиевци, Василево**

I.2. Контакт информации

- Адреса: с. Владиевци бр. 93 А, Василево
- Телефон: 070/214-426
- Факс: ____________________
- Е-пошта: ristoviir@yahoo.com
- Лице за контакт: Илчо Ристов
- Банка депонент:Стопанска банака А.Д Скопје
- Жиро сметка:200002913098560
- ЕМБС : 6789331

I.3. Одговорно лице: Илчо Ристов

I.4. Даночен број: 4039012500660

**Дел II – Техничка и финансиска понуда**

II.1.Согласни сме да ги извршиме работите од техничките спецификации/предмер пресметката според цените искажани во табелата:

| | / Вид на работа | Е.м . | Кол. | Цена без ДДВ | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| I | **Подготвителни работи** | | | | | |
| 1. | Прекопување на површина (машинско) | М2 | 1 | 52 | 9,36 | 61,36 |
| II | **Садење садници** | | | | | |
| 1 | Ископ на дупки со димензии 0,80 х 0,80 х 0,80 | Бр. | 1 | 156 | 28,08 | 184,08 |
| **Садници** | | | | | | |
| 1 | Fraxinus excelsior<br><br>- Обем на дебло (стебло) : 18 – 20 cm<br>- Висина : min 300 / 350 cm<br>- Clt. 80 литри | Бр. | 1 | 260 | 46,8 | 306,8 |
| 2. | Acer pseudoplatanus, контејнер<br><br>- Обем на дебло (стебло) : 18 – 20 cm<br>- Висина : min 300 / 350 cm<br>- Clt. 80 литри | Бр. | 1 | 1.560 | 280,8 | 1.840,8 |
| 3. | Tilia platyphyllos, контејнер<br><br>- Обем на дебло (стебло) : 18 – 20 cm<br>- Висина: min 300 / 350 cm<br>- Clt. 80 литри | Бр. | 1 | 260 | 46, | 306,8 |
| 4. | Thuja smaragd, контејнер<br><br>- Висина min 140 / 160 cm<br>- Clt. 40 литри | Бр. | 1 | 1.248 | 224,64 | 1.472,64 |
| 5. | Betula Pendula verucosa, контејнер<br><br>- Обем на дебло (стебло) / Vëllimi i trungut: 8 – 10 cm | | | 260 | 46,8 | 306,8 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | - Висина 175 – 200 cm<br>- Clt. 45 литри | Бр. | 1 | | | |
| 6. | Catalpa Big Nana 45l, контејнер<br>Висина : min 200 / 250 cm<br>Обем на дебло : 10 – 12 cm<br>Clt. 80 литри | Бр. | 1 | 260 | 46,8 | 306,8 |
| 7. | Thuja occidentalis columna, контејнер<br>Висина 180 – 200 cm<br>Clt. 30 литри | Бр. | 1 | 260 | 46,8 | 306,8 |
| 8. | Chamaecyparis laws. Ellwodi, контејнер<br>- Висина : min 80 / 100 cm<br>- Clt. 80 литри | Бр. | 1 | 52 | 9,36 | 61,36 |
| 9. | Magnolia Grandiflora, контејнер<br>- Висина min 250 / 300 cm<br>- Обем на дебло (стебло): 18 – 20 cm<br>- Clt. 80 литри | Бр. | 1 | 260 | 46,8 | 306,8 |
| 10. | Platanus Acerifolia, контејнер<br>- Висина min 250 / 300 cm<br>- Обем на дебло (стебло): 12 – 14 cm<br>- Clt. 80 / литри | Бр. | 1 | 52 | 9,36 | 61,36 |
| 11. | Acer Pseudoplatanus, контејнер<br>- Висина min 250 / 300 cm<br>- Обем на дебло (стебло): 10 – 12 cm<br>- Clt. 80 литри | Бр. | 1 | 1.560 | 280,8 | 1.840,8 |
| 12. | Malus floribunda , контејнер<br>-Висина min 250/300 cm<br>- Обем на дебло (стебло): 10 – 12 cm<br>- Clt. 80 литри | Бр | 1 | 260 | 46,8 | 306,8 |
| 13. | Robinia pseudoacacia ,,umbraculifera,,<br>контејнер | | | 260 | 46,8 | 306,8 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | -Висина min250/300 cm<br>-Обем на дебло (стебло): 10 – 12 cm<br>-- Clt. 80 литри | Бр | 1 | | | |
| 14. | Morus alba „Pendula„ контејнер<br>-Висина min 250/300 cm<br>-Обем на дебло (стебло): 10 – 12 cm Clt. 80 литри | Бр | 1 | 1.560 | 280,8 | 1.840,8 |
| 15. | Cupressocyparis Leylandii Castel Gold, контејнер<br>-Висина min 200-240 cm<br>-- Clt. 80 литри | Бр | 1 | 312 | 56,16 | 368,16 |
| 16. | Carpinus betulus fastigata, контејнер<br>-Висина min 450-500 cm/ конус<br>-- Clt. 80 литри | Бр | 1 | 312 | 56,16 | 368,16 |
| 17. | Fagus sylvatica columnaris, контејнер<br>-Висина min 450-500 box<br>70x70x70<br>-- Clt. 80 литри | Бр | 1 | 312 | 56,16 | 368,16 |
| 18. | Acer platanoides Columnare Dila, контејнер<br>Висина min 450-500 cm/ конус<br>-- Clt. 80 литри | Бр | 1 | 312 | 56.16 | 368,16 |
| 19. | Tillia plahyphyllos (pleached tree), контејнер<br>- Висина min 200cm- 200wx130 h<br>-- Clt. 80 литри | Бр | 1 | 312 | 56,16 | 368,16 |
| 20. | Juniperus horizontalis, контејнер<br>- Висина min 40cm- 60 cm | | | 52 | 9,36 | 61,36 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | -- Clt. 10 литри | Бр | 1 | | | |
| 21. | Prunus cerasifera, контејнер<br>- Висина min 250cm- 300 cm<br>- Обем на дебло (стебло): 10 – 12 cm<br>-- Clt. 80 литри | Бр | 1 | 312 | 56,16 | 368,16 |
| 22. | Tilia tomentosa, контејнер<br>- Обем на дебло (стебло) / Vëllimi i trungut: 18 – 20 cm<br>- Висина : min 300 / 350 cm- Clt. 80 литри | Бр | 1 | 260 | 46,8 | 306,8 |
| 23. | Catalpa trubacovita, контејнер<br>- Обем на дебло (стебло) : 18 – 20 cm<br>- Висина : min 300 / 350 cm<br>- Clt. 80 литри | Бр | 1 | 260 | 46,8 | 306,8 |
| 24. | Thuja woodwardii<br>-обем на крошна 100 cm<br>-Висина: min 80 cm<br>-Clt.80 литри | Бр. | 1 | 1.248 | 224,64 | 1.472,64 |
| | **ВКУПНО** | | | **12.012** | **2.162,16** | **14.174,16** |

Според тоа, вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: **12.012 денари** *[со бројки]* ( **Дваесет илјади и дванаесет денари**) *[со букви]* денари.

Вкупниот износ на ДДВ изнесува: **2.162,16 денари**.

II.2. Го прифаќаме начинот на испорака на стоката утврден во тендерската документација.

II.3. Се согласуваме со начинот и рокот на плаќање утврден во тендерската документација.

II.4. Нашата понуда важи за период утврден во тендерската документација.

II. 5. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Одговорно лице

Место и датум

Иљчо Ристов

01.05.2022

______________________________

(потпис)*

*Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски, со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.